Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 10 март 2025 година.

Бр. 08-1631/1
10 март 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Сиљановска-Давкова, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ

Член 1

Во Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/2009, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и 147/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 274/22 и 255/25), во член 14-а во ставот (6) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додавваат зборовите: „освен за изградба на градби од јавен интерес утврден со закон како линиска инфраструктурна градба – државен пат, сечата и дотурот на дрвната маса може да ја врши и изведувачот или инвеститорот на градбата по претходно известување на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“.“.

Во став (7) зборовите: „ , Државниот инспекторат за шумарство и ловство“ се бришат.

Член 2

Во член 64 во ставот (5) зборовите: „одобрение за сеча“ се заменуваат со зборовите: „записник за извршена контрола на ознаката“.

Член 3

Во член 70 став (13) по зборовите: „осветлување на шумски патишта,“ се додаваат зборовите: „изградба, чистење и прочистување на Линиска инфраструктурна градба (јавен пат, државен пат, железничка инфраструктура, далновод, нафтовод, гасовод и други објекти кои можат да бидат надземни и подземни,“.

Член 4

Започнатите постапки за добивање согласност за трајна пренамена на шумско земјиште за изградба на објекти од јавен интерес како линиски инфраструктурни градби, јавен пат, железничка инфраструктура, далновод, нафтовод, гасовод и други објекти кои можат да бидат надземни и подземни, до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со одредбите од овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“